Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), а во врска со точка 4, алинеа 1 од Програмата за локален економски развој на Општина Центар - Скопје за 2026 година (″Службен гласник на Општина Центар- Скопје″ број 15/2025), Градоначалникот на Општина Центар – Скопје, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ, ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ ВО АВТО ШКОЛИ ВО 2026 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат начинот, критериумите и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2026 година (″Службен гласник на Општина Центар-Скопје″ број 15/2025), за доделување на поединечна субвенција на младите жители на Општина Центар – Скопје (со и без попреченост), за полагање на возачки испит Б-категорија во авто школи на подрачјето на општина Центар – Скопје.

### Член 2

Финансиските средства од член 1 на овој Правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Центар–Скопје за 2026 година, во износ од 2.000.000,00 денари со намена субвенционирање на младите жители на Општина Центар – Скопје, за полагање на возачки испит Б-категорија во авто школи на подрачјето на општина Центар – Скопје.
Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат во текот на цела 2026 година до нивно целосно искористување.

### Член 3

Финансиските средства од член 1 на овој Правилник ќе се користат во 2026 година за делумен надомест на средствата на жителите на Општина Центар – Скопје, искористени за уплата за полагање на возачки испит Б-категорија во авто школи на подрачјето на општина Центар – Скопје во износ 10.000,00 денари по лице со вклучен персонален данок на доход.

### Член 4

За спроведување на постапката утврдена со овој Правилник, Градоначалникот со решение формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на жителите на Општина Центар-Скопје од вработените во општинската администрација (во натамошен текст: Комисија).

## II. ЈАВЕН ПОВИК

### Член 5

За реализирање на Програмата Општина Центар -Скопје објавува Јавен повик кој се објавува на веб страната на Општината и во електронските медиуми и трае од денот на

објавувањето се до исцрпувањето на финансиските средства предвидени во член 2 од овој Правилник при што барањата ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

Право на учество на Јавниот повик имаат младите жители на Општина Центар-Скопје (со и без попреченост) и тоа:
- кои ќе достават барање во Архивата на Општина Центар-Скопје;
- кои во текот на 2026 навршуваат 18 и 19 години, односно родени во 2007 и 2008 година; како и оние кои во 2025 година навршиле 19 години (родени 2006), а уплатата за полагање на возачки испит ја извршиле делумно во 2025 и делумно во 2026 година;
- кои имаат постојано живеалиште во Општина Центар-Скопје;
- ќе достават доказ за извршена уплата во авто школа регистрирана на подрачје на Општина Центар-Скопје;

Во случаите од став 1 на овој член како докази се земаат следните документи во копија: лична карта на барателот; доказ од извршена уплата во авто школа во оригинал, копија од важечки документ со кој се докажува постојано жителство.
Членовите на Комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 5 на овој Правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето врз основа на Решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Центар- Скопје.

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик, Комисијата ги разгледува пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната документација, а согласно редоследот според датумот и времето на пристигнувањето на барањата.

**Член 8**

Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Центар-Скопје за усвојување или неусвојување на поднесеното барање.
За барателите кои ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, носи решение за усвојување на барањето.
За барателите кои ги не исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 9**

Општина Центар - Скопје преку Секторот за локален економски развој води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот

на Општина Центар-Скопје, согласно овој Правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 10**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

Изработил: Анастазија Бабуловска
Контролирал: Весна Михајлова Куковска
Согласен: Георги Трајчев

**Број _________**
**__________2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Д-р Горан Герасимовски**

___________________________